Број на Службен весник:268/2019

Датум на објава на Службен весник:24.12.2019

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Врз основа на член 106, а во врска со член 75 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19 и 146/19), министерот за труд и социјална политика донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ И ОБЕМОТ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ, НОРМАТИВИТЕ И СТАНДАРДИТЕ ЗА ДАВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ ПОМОШ И НЕГА ВО ДОМОТ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува начинот и обемот на социјалните услуги, нормативите и стандардите за давање на социјалните услуги  помош и нега во домот.

**Член 2**

Со услугата помош и нега во домот се обезбедува помош во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот до 80 часа месечно, за лица со намален функционален капацитет кои не можат сами да се грижат за себе, со цел да се оспособи корисникот за само-помош, односно да ја врати, стекне или одржи способноста самиот да се грижи за себе, за да продолжи да живее во сопствениот дом и да води независен живот во заедницата.

**Член 3**

Корисници на услугата помош и нега во домот се лица со најтешка попреченост, односно комбинирана попреченост со највисок степен, потполно слепи лица, стари лица со навршени 65 години живот и други лица со намален функционален капацитет кои не можат сами да се грижат за себе.

Лицата од став 1 на овој член услугата помош и нега во домот ја користат доколку:

- помошта во домот не можат да ја обезбедат нивните брачни другари, родители или деца, поради заснован работен однос, нарушена здравствена состојба и старост,

- немаат склучено договор за доживотна издршка, односно покренале постапка за раскинување на склучен договор за доживотна издршка.

Лицата од став 1 на овој член, не може да користат помош во вршење инструментални активности од секојдневниот живот доколку живеат во домаќинство со:

- лице со заснован работен однос,

- старо лице со целосно сочуван функционален капацитет.

Ако во домаќинството живеат две или повеќе лица од став 1 на овој член, помошта во вршење инструментални активности за сите лица се обезбедува во вкупно траење до 40 часови месечно.

**Член 4**

Услугата помош и нега во домот се дава од страна на лиценцирани или овластени даватели на социјални услуги, односно физички лица кои вршат работа во социјална заштита како професионална дејност согласно Законот за социјалната заштита. Непосредни даватели на услугата помош и нега во домот се негуватели.

**Член 5**

Со услугата помош и нега во домот се обезбедува помош за остварување на основни и инструментални активности од секојдневниот живот на корисникот.

Основни активности од секојдневниот живот во смисла на став 1 од овој член се: одржување лична хигиена, облекување, мобилност во домот, хранење, користење тоалет и менување пелени и подлоги во случај на континенција.

Инструментални активности од секојдневниот живот во смисла на став 1 од овој член се: поддршка при чистење, посредување за поправки, перење, готвење, купување продукти, надворешна мобилност, земање медицинска терапија, користење телефон и помош во управување со буџет.

**Член 6**

Помошта за остварување на основните активности од секојдневниот живот на корисникот вклучува:

- помош при миење лице, раце и заби, миење коса, бањање, чешлање, бричење, сечење нокти и сл.;
- помош при облекување и соблекување;
- помош при вршење на физиолошки потреби, помош за да стигне до тоалет, да се исчисти по користењето или помош при користење лопатка во кревет или мобилен тоалет;
- помош при движење во и околу домот;
- помош при хранење и
- помош при менување пелени и подлоги.

**Член 7**

Помошта за остварување на инструменталните активности од секојдневниот живот на корисникот вклучува:

- помош во чистење на просториите и апаратите во домаќинството, помали поправки, посредување заради поправки на водоводни, електрични и други инсталации, столарија, молерисување и други услуги, помош во ложење печки на дрва и чистење на пепел, вршење на полесни домашни задачи како што се миење садови, местење кревет, менување постелнина и слично;
- помош во перење, сушење и пеглање облека и одржување обувки и слично;
- помош при планирање, подготвување, загревање и послужување на соодветни оброци и пијалоци;
- помош при вршење помали и поголеми набавки на храна, пијалоци, облека, обувки, весници и слично;
- помош заради надворешна мобилност: помош при движење надвор од домот, користење јавен превоз, превоз со такси-возила и слично;

- помош при администрирање на лекови во соодветно време и доза, третирање полесни рани и преврски, контрола на витални функции како што се крвен притисок, телесна температура, ниво на шеќер во крвта и слично;
- помош при користење телефон и други уреди, помош при наоѓање и бирање броеви, јавување на телефон, користење радио, телевизор, компјутер и слично; и
- помош при управување на буџетот, плаќање сметки, одење во банка и слично.

**Член 8**

Услугата помош и нега во домот се обезбедува во вкупно траење до 80 часа месечно во зависност од степенот на намален функционален капацитет на корисникот за остварување на основните и инструменталните активности од секојдневниот живот, и тоа:

- до 40 часа за основни активности; и
- до 40 часа за инструментални активности.

**Член 9**

Степенот на намаленост на функционалниот капацитет се проценува врз основа на способноста за независно остварување на основните и инструменталните активности од секојдневниот живот, и тоа:

- целосно отсутен функционален капацитет, односно целосно зависен;
- значително намален функционален капацитет, односно зависен во поголем обем;
- намален функционален капацитет, односно зависен во помал обем;
- целосно сочуван функционален капацитет, односно целосно независен.

**Член 10**

Степенот на намаленост на функционалниот капацитет за остварување на основните активности се проценува со користење на инструментот „Индекс Кац на независност во остварување на активностите од секојдневниот живот“, кој е даден во Прилог бр.1 и е составен дел на овој правилник.

Проценката од став 1 на овој член се врши од страна на матичен лекар кој врз основа на тоа подготвува мислење за потребата од помош и нега во домот на лицето за остварување на основни активности, на образец „Мислење од стручно лице за потребата од помош и нега во домот“ кој е даден во Прилог бр. 2 и е составен дел од овој правилник.

**Член 11**

Степенот на намаленост на функционалниот капацитет за остварување на инструменталните активности се проценува со користење инструментот „Скала ЛотонБроди за инструментални активности од секојдневниот живот“, кој е даден во Прилог бр. 3 и е составен дел на овој правилник.

Проценката од став 1 на овој член се врши од страна на стручниот работник од Центарот од Центарот за социјална работа (во натамошниот текст: Центарот).

Водителот на случај од Центарот по добиеното мислење од матичен лекар за потребата од помош и нега во домот врши увид во домот на лицето за утврдување на потребата и го пополнува инструментот од став 1 на овој член.

Врз основа на извршениот непосреден увид во домот на корисникот, со користење и на инструментот од член 10 став 1 од овој правилник, водителот на случајот  го проверува мислењето доставено од матичниот лекар.

Во случај кога постои несогласување меѓу проценката на матичниот лекар и проценката на водителот на случајот, се бара второ мислење за потребата од помош и нега во домот на лицето за остварување на основни активности од друг лекар/стручна комисија за давање на наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице, согласно прописите од областа на социјалната заштита.

**Член 12**

Обемот на услугата на помош и нега во домот за остварување на основните активности се утврдува во зависност од степенот на намаленост на функционалниот капацитет на лицето, и тоа:

- 40 часа месечно за лице со целосно отсутен функционален капацитет за остварување на основните активности;

- 20 часа месечно за лице со значително намален функционален капацитет за остварување на основните активности;

- 5 часа месечно за лица со намален функционален капацитет за остварување на основните активности.

**Член 13**

Обемот на услугата на помош и нега во домот за остварување на инструменталните активности се утврдува во зависност од степенот на намаленост на функционалниот капацитет на лицето, и тоа:

- 40 часа месечно за лице со целосно отсутен функционален капацитет за остварување на инструменталните активности;
- 20 часа месечно за лице со значително намален функционален капацитет за остварување на инструменталните активности;
- 5 часа месечно за лица со намален функционален капацитет за остварување на инструменталните активности.

**Член 14**

Вкупниот број часови за помош и нега во домот месечно се пресметува како збир од бројот на часови утврден за основните и инструменталните активности поединечно.

Временскиот распоред на користење на услугата во текот на месецот го одредува корисникот во договор со негувателот, односно координаторот и стручниот работник од Центарот.

**Член 15**

Социјалната услуга помош и нега во домот се дава по претходно поднесено барање до месно надлежниот центар.

**Член 16**

Кон барањето од член 15 од овој правилник, за барателот на услугата се поднесува следната документација:

- важечка лична карта за државјанин на Република Северна Македонија, дозвола за постојан престој на странецот, како и за брачен другар, родители, деца и/или други роднини со кои живее во заедничко домаќинство;

- мислење од матичен лекар за потребата од помош и нега при остварување на основни активности во домот со пополнет образец „Индекс Кац на независност во остварување на активностите од секојдневниот живот“;

- отпусно писмо со специјалистички извештај и/или друга медицинска документација и/или наод и мислење за видот и степенот на попреченоста за барателот и неговиот брачен другар, родителите, децата и/или други роднини со кои живее во заедничко домаќинство; и

- изјава дадена пред нотар, или пред службено лице во Центарот дека нема склучено договор за доживотна издршка, односно покренало постапка за раскинување на склучен договор за доживотна издршка.

**Член 17**

Во решението на Центарот со кое се одлучува за користење на услугата помош и нега во домот, се определува:

- видот на основни и инструментални активности за кои на корисникот му е потребна помош и нега во домот;

- обемот на услугата преку утврден број часови месечно за помош и нега во остварување на основни и инструментални активности во домот на корисникот;

- овластениот давател на услугата.

Во изборот на овластениот давател на услугата, Центарот го зема предвид и мислењето на корисникот.

**Член 18**

Услугата помош и нега во домот се обезбедува преку активности кои се евидентираат во Листа на активности за остварување на услугата помош и нега во домот од страна на стручниот работник од Центарот.

Листата од став 1 на овој член е дадена во Прилог бр. 4 и е составен дел на овој правилник.

**Член 19**

Услугата помош и нега во домот се обезбедува од страна на:

- јавна установа за социјална заштита која поседува дозвола за давање услуги на помош и нега во домот;

- приватна установа за социјална заштита која поседува дозвола за давање услуги на помош и нега во домот;

- здружение кое поседува дозвола за давање услуги на помош и нега во домот.

**Член 20**

Давателот на услугата помош и нега во домот, во смисла на член 19 од овој правилник, треба да:

- има елаборат за исполнетост на условите за почеток со работа и давање на услугата помош и нега во домот, согласно нормативите и стандардите предвидени со овој правилник,

- има годишен план за работа кој содржи основни цели и активности,

- има план за унапредување на вештините и знаењата на вработените,

- ја информира пошироката и стручната јавност за услугите кои ги дава,

- ги развива услугите во однос на проширување на бројот на корисници и воведување нови содржини,

- обезбедува информации за корисникот или неговиот законски застапник, односно старател, во однос на делокругот на работа, услугите кои се обезбедуваат и правилата за однесување на негувателите,

- склучува договор за давање на услугата кога не постапува по решение на Центарот, - води тековна евиденција,

- подготвува месечен извештај во кој е прикажан вкупниот број часови доставена услуга по корисник упатен од Центарот, и

- спроведува евалуација на дадените услуги и проценка на задоволството на корисниците.

Евиденцијата согласно став 1 алинеја 8 од овој член опфаќа:

- податоци за корисниците во однос на возраст, пол, образование, етничка припадност, вид на помош во остварување основни и инструментални активности, припадност на корисничка група согласно Законот за социјална заштита;

- податоци за негувателите во однос на возраст, пол, образование, етничка припадност и други податоци согласно нормативите и стандардите предвидени со овој правилник;

- податоци за услугата која ја обезбедува во однос на квантитет и квалитет, вклучително и белешки од извршени увиди во домот на корисникот.

**Член 21**

Давателот на услугата треба да ги исполнува нормативите и стандардите во однос на: - простор,

- опрема,

- стручен кадар,

- годишен план за обезбедување финансиски и материјални средства,

- работа во недискриминаторска средина, и

- внатрешни процедури за евалуација на дадените услуги и за проценка на задоволството на корисниците.

**Член 22**

Објектот на давателот на услугата треба да е лоциран во средина во која има обезбеден пристап до комунална инфраструктура и има обезбеден пристап за лица со попреченост.

Просторни услови кои треба да се обезбедени во објектот на давателот на услугата се:

- канцеларија опремена со биро, стол, компјутер, печатар,

- просторија погодна за одржување состаноци опремена со работна маса и столици,

- магацински простор или плакар за одложување на работна опрема и материјал,

- тоалет.

**Член 23**

Давателот на услугата треба да обезбеди опрема за секој негувател за давање на услугата, и тоа:

- ранец,
- маска,
- гумени ракавици,
- беџ,
- апарат за мерење крвен притисок,
- топломер, и
- апарат за мерење шеќер во крвта.

**Член 24**

Давателот на услугата  треба да обезбеди кадар од најмалку:

- еден координатор за координација на работата на најмногу 20 негуватели,
- тројца негуватели.

**Член 25**

Координаторот од член 24 алинеја 1 од овој правилник, е стручно лице - социјален работник, правник, педагог, психолог, дефектолог или логопед, со општа лиценца за вршење стручни работи кај други даватели на социјални услуги."

**Член 26**

Координаторот за обезбедување на услугата помош и нега во домот, ги врши следните работи:

- му обезбедува поддршка на корисникот во изборот на негувател од евиденцијата на достапни негователи во соработка со стручниот работник во Центарот;
- ја организира работата и прави распоред за работа на негувателите;

- ја следи работата на негувателите во давањето на услугата помош и нега во домот согласно решението од Центарот и индивидуалниот план за работа со корисник или договорот за користење услуги;

- се грижи услугата да се дава континуирано, во целост и квалитетно во согласност со дијагнозата и потребите на корисникот, преку непосреден увид во домот на корисникот најмалку еднаш месечно;

- води тековна евиденција согласно член 20 став 1 алинеја 8 од овој правилник;

- се грижи услугата да се дава во недискриминаторска средина;

- остварува контакти со корисникот, членовите на неговото семејство стручниот работник од Центарот во однос на давањето на услугата;

- врши увид во дневниците за работа на негувателите;

- организира координативни состаноци со негувателите еднаш неделно заради дискусија за сите околности кои влијаат врз давањето на услугата;

- спроведува внатрешни процедури за евалуација на дадените услуги и за проценка на задоволството на корисниците; и

- подготвува месечен извештај за активностите поврзани со давањето на услугата.

**Член 27**

Негувателот треба да ги исполнува нормативите и стандардите за давање на услугата, и тоа:

- да има здравствена способност за вршење на дејноста,

- да има најмалку основно образование,

- да не му е одземена или ограничена деловната способност,

- да не му е одземено вршењето на родителското право,

- да не му е изречена осуда за кривично дело со казна затвор над шест месеци,

- да не му е изречена забрана за вршење на должност, дејност и професија,

- да поседува сертификат за завршена обука за неговател верифицирана од ЈУ Центар за образование на возрасни, освен ако има диплома за завршено средно медицинско училиште

**Член 28**

Негувателот треба да:

- ја дава услугата помош и нега во домот на корисникот по вид и траење согласно решението на Центарот и индивидуалниот план за работа со корисник или договорот за користење услуги,
- води дневник за работата и на неделно ниво да го доставува до координаторот,
- ја одржува хигиената на гардеробата за работа и личната хигиена;
- соработува со членовите на семејството на корисникот, стручниот работник од Центарот и други лица од опкружувањето на корисникот,
- учествува на координативен состанок организиран од координаторот еднаш неделно,
- ги известува навремено корисникот и давателот на услугата во случај на потреба од боледување или друга причина за отсуство,
- учествува на обуки согласно планот за унапредување на вештините и знаењата на вработените.

**Член 29**

Давателот на услугата спроведува евалуација на дадените услуги и проценка на задоволството на корисниците, како и членовите на нивните семејства, најмалку еднаш годишно.

Евалуацијата на дадените услуги се спроведува преку примена на техниките на интервјуирање и анкетирање на корисниците и членовите на нивните семејства.

Извештајот од спроведената евалуација се доставува до Министерството за труд и социјална политика, односно општината, градот Скопје или општина во градот Скопје со која давателот на услугата има склучено управен договор, Заводот за социјални дејности и Центарот, најдоцна 30 дена од спроведувањето на евалуацијата.

**Член 30**

Давателот на услугата има воспоставено процедури за поднесување и разгледување поплаки и претставки од корисниците и членовите на нивните семејства и други лица.

Давателот на услугата ги евидентира поднесените поплаки и претставки од став 1 на овој член.

**Член 31**

Физичкото лице кое дава услуга помош и нега во домот треба да обезбеди соодветна опрема за работа, и тоа:

- ранец или торба,
- маска,
- гумени ракавици,
- беџ,
- апарат за мерење крвен притисок,
- топломер, и
- апарат за мерење шеќер во крвта.

**Член 32**

Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Павилникот за нормативите и стандардите за простор, опрема, стручни кадри и средства потребни за основање и започнување со работа на установа за социјална заштита - центар за давање помош во домашни услови („Службен весник на Република Македонија“ бр.113/14).

**Член 33**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 10-9801/1 | Министер за труд |
| 24 декември 2019 година | и социјална политика, |
| Скопје | **Мила Царовска**, с.р. |

Прилог бр. 1

ИНДЕКС КАЦ НА НЕЗАВИСНОСТ ВО ОСТВАРУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОД СЕКОЈДНЕВНИОТ ЖИВОТ

| Име и презиме на лицето: | Пополнил: | Дата: |
|---|---|---|
| **Индекс Кац на независност во остварување на активностите од секојдневниот живот** | | |
| **Активности**<br>Бодови (1 или 0) | **Независност**<br>(1 БОД)<br>БЕЗ надгледување, насочување или помош | **Зависност**<br>(0 БОДОВИ)<br>Со надгледување, насочување, помош или целосна нега |
| БАЊАЊЕ<br><br>Бодови: | (1 БОД) Може самостојно да се бања целосно или потребна му е помош при бањањето на еден дел од телото (на пример, грбот, гениталните органи или некој од екстремитетите кои не се функционални) | (0 БОДОВИ) Не може самостојно да се бања. Потребна му е помош при бањањето на повеќе од еден дел од телото, при влегување или излегување од када или туш кабина. |
| ОБЛЕКУВАЊЕ<br><br>Бодови:________ | (1 БОД) Може самостојно да вади облека од плакари и фиоки и да се облекува, вклучително и надоблека со патенти, копчиња, врвки и друго. Може да користи помош при врзување чевли. | (0 БОДОВИ) Не може самостојно да се облече. Потребна му е помош при облекување. |
| КОРИСТЕЊЕ ТОАЛЕТ<br><br>Бодови: | (1 БОД) Самостојно користи тоалет, седнува и станува, се соблекува и облекува, ги чисти гениталните органи без помош. | (0 БОДОВИ) Потребна му е помош за да стигне до тоалетот, да се исчисти по користењето или користи лопатка во кревет или мобилен тоалет. |
| МОБИЛНОСТ<br><br>Бодови:________ | (1 БОД) Самостојно седнува и станува од кревет или столица. Може да се движи со помагала. | (0 БОДОВИ) Потребна му е помош за седнување и станување од кревет или столица или му е потребна целосна помош за мобилност. |
| КОНТИНЕНЦИЈА<br><br>Бодови:________ | (1 БОД) Има целосна контрола над уринирање и дефекација. | (0 БОДОВИ) Делумно или целосно нема контрола над празнење црева или бешика. |
| ХРАНЕЊЕ<br><br>Бодови:________ | (1 БОД) Може да ја пренесе храната од чинијата до устата без помош. Подготовката на храната може да ја врши и друго лице. | (0 БОДОВИ) Потребна му е делумна или целосна помош при хранењето или хранење. Потребна му е парентерална исхрана. |
| ВКУПНО БОДОВИ:_____ | **Бодување:**<br>0 – целосно отсутен функционален капацитет (целосно зависен)<br>1-2 = значително намален функционален капацитет (зависен во поголем обем)<br>3-5 = намален функционален капацитет (зависен во помал обем)<br>6 = целосно сочуван функционален капацитет (целосно независен) | |

Прилог бр. 2

МИСЛЕЊЕ ОД СТРУЧНО ЛИЦЕ ЗА ПОТРЕБАТА ОД ПОМОШ И НЕГА ВО ДОМОТ

| **1. Лични податоци за барателот/корисникот:** | | |
|---|---|---|
| 1.1. | Име и презиме | |
| 1.2. | Датум на раѓање | |
| 1.3. | Место и адреса на живеење | |
| 1.4. | ЕМБГ | |
| **2. Мислење на стручното лице** | | |
| 2.1. | Прегледот е извршен | |
| 2.1.1. | Во амбуланта | |
| 2.1.2. | Во домот на пациентот | |
| 2.1.3. | Друго | |
| 2.2. | Пациентот боледува од (дијагноза): | |
| 2.3. | Пациентот има потреба од помош и нега во/заради: | |
| 2.3.1. | Бањање | |
| 2.3.2. | Облекување | |
| 2.3.3. | Користење тоалет | |
| 2.3.4. | Мобилност | |
| 2.3.5. | Континенција | |
| 2.3.6. | Хранење | |

3. ПРИЛОГ: Медицинска документација (дијагностицирање и лекување)

Во, ____________________

ПОТПИС И ФАКСИМИЛ
НА СТРУЧНО ЛИЦЕ

Прилог бр. 3

СКАЛА ЛОТОН-БРОДИ ЗА ИНСТРУМЕНТАЛНИ АКТИВНОСТИ ОД СЕКОЈДНЕВНИОТ ЖИВОТ

| Име и презиме на лицето: | Пополнил: | | Дата: |
|---|---|---|---|
| **Скала Лотон-Броди за инструментални активности од секојдневниот живот** | | | |
| **Бодување:** За секоја активност заокружи го описот кој најблиску одговара на нивото на функционален капацитет на лицето | | | |
| **А. Способност за користење телефон** | Бод | **Д. Одржување облека** | Бод |
| 1. Го користи телефонот самоиницијативно, наоѓа и бира броеви и сл. | 1 | 1. Целосно самостојно ја одржува облеката (перење, сушење, пеглање) | 1 |
| 2. Бира неколку добропознати телефонски броеви | 1 | 2. Одржува мали парчиња облека (на пример, чорапи) | 1 |
| 3. Одговара на телефон, но не бира | 1 | 3. Целосното одржување на облеката мора да ја прави друго лице | 0 |
| 4. Не користи телефон воопшто | 0 | | |
| **Б. Купување продукти** | Бод | **Ѓ. Надворешна мобилност** | Бод |
| 1. Самостојно купува продукти за сите потреби | 1 | 1. Самостојно користи јавен превоз или вози сопствен автомобил | 1 |
| 2. Самостојно врши мали набавки | 0 | 2. Самостојно користи превоз со такси-возило, но не користи јавен превоз | 1 |
| 3. Потребна му е придружба при секое купување | 0 | 3. Користи јавен превоз кога е придружуван од друго лице | 1 |
| 4. Целосна неспособност за купување | 0 | 4. Ограничено користи такси или автомобилски превоз со помош од друго лице | 0 |
| | 0 | 4. Нема никаква надворешна мобилност | 0 |
| **В. Подготовка на храна** | Бод | **Е. Администрирање на лекови** | Бод |
| 1. Самостојно планира, подготвува и послужува соодветни оброци | 1 | 1. Самостојно администрира лекови во соодветни дози и време | 1 |
| 2. Подготвува соодветни оброци доколку е снабден со намирници | 0 | 2. Администрира лекови само доколку му се подготвени однапред во определени одделни дози | 0 |
| 3. Загрева, послужува и подготвува оброци, или подготвува оброци но не се храни соодветно | 0 | 3. Нема способност за самостојно администрирање на лекови | 0 |
| 4. Има потреба храната да му биде подготвена и послужена од друго лице | 0 | | |

| Г. Одржување на домаќинство | | Ж. Способност за менаџирање на финансии | |
|---|---|---|---|
| 1. Го одржува домаќинството самостојно или со повремена помош (на пример за тешки домашни работи) | 1 | 1. Самостојно си ги менаџира финансиите (буџет, пишува чекови, плаќа закупнина, плаќа сметки, оди во банка), собира и води евиденција на приходи | 1 |
| 2. Извршува полесни домашни задачи, како што се миење садови, местење кревет | 1 | 2. Врши секојдневни набавки, но потребна му е помош околу банкарски работи и поголеми набавки | 1 |
| 3. Извршува лесни домашни задачи но не може да одржи соодветно ниво на чистота | 1 | 3. Нема способност за самостојно менаџирање финансии | 0 |
| 4. Потребна му е помош во извршување на сите домашни задачи | 1 | | |
| 5. Не учествува во извршување на ниту една задача за одржување на домаќинството | 0 | | |
| **Бод** | | **Бод** | |
| **Вкупно бодови:**__________ | **Бодување:**<br>0 = целосно отсутен функционален капацитет (целосно зависен)<br>1-3 = значително намален функционален капацитет (зависен во поголем обем)<br>4-7 = намален функционален капацитет (зависен во помал обем)<br>8 = целосно сочуван функционален капацитет (целосно независен) | | |

Прилог бр. 4

ЛИСТА НА АКТИВНОСТИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА УСЛУГАТА ПОМОШ И НЕГА ВО ДОМОТ

Име и презиме на корисникот ______________________________

Вид на попреченост на корисникот ______________________________

**1. Основни и инструментални активности од секојдневниот живот во домот на корисникот:**

1.1. Основни активности

| | | |
|---|---|---|
| 1.1.1. | Помош во одржување лична хигиена: помош при миење лице, раце и заби, миење коса, бањање, чешлање, бричење, сечење нокти и слично | ☐ Да ☐ Не |
| 1.1.2. | Помош при облекување: помош при облекување и соблекување | ☐ Да ☐ Не |
| 1.1.3. | Помош при користење тоалет: помош при вршење на физиолошки потреби, помош за да стигне до тоалет, да се исчисти по користењето или помош при користење лопатка во кревет или мобилен тоалет | ☐ Да ☐ Не |
| 1.1.4. | Помош заради мобилност во домот: помош при движење во и околу домот | ☐ Да ☐ Не |
| 1.1.5. | Помош при хранење: помош при хранење | ☐ Да ☐ Не |
| 1.1.6. | Помош во случај на континенција: помош при менување пелени и подлоги | ☐ Да ☐ Не |

1.2. Инструментални активности

| | | |
|---|---|---|
| 1.2.1. | Помош во одржување на домаќинство: помош во чистење на просториите и апаратите во домаќинството, помали поправки, посредување заради поправки на водоводни, електрични и други инсталации, столарија, молерисување и други услуги, помош во ложење печки на дрва и чистење на пепел, вршење на полесни домашни задачи како што се миење садови, местење кревет, менување постелнина и слично | ☐ Да ☐ Не |
| 1.2.2. | Помош во одржување на облека и обувки: помош во перење, сушење и пеглање облека и одржување обувки и слично | ☐ Да ☐ Не |
| 1.2.3. | Помош во готвење: помош при планирање, подготвување, загревање и послужување на соодветни оброци и пијалоци | ☐ Да ☐ Не |
| 1.2.4. | Помош при купување продукти: помош при вршење помали и поголеми набавки на храна, пијалоци, облека, обувки, весници и слично | ☐ Да ☐ Не |
| 1.2.5. | Помош заради надворешна мобилност: помош при движење надвор од домот, користење јавен превоз, превоз со такси-возила и слично | ☐ Да ☐ Не |
| 1.2.6. | Помош при земање медицинска терапија: помош при администрирање на лекови во соодветно време и доза, третирање полесни рани и преврски, контрола на витални функции како што се крвен притисок, телесна температура, ниво на шеќер во крвта и слично | ☐ Да ☐ Не |
| 1.2.7. | Помош при користење телефон и други уреди: помош при наоѓање и бирање броеви, јавување на телефон, користење радио, телевизор, компјутер и слично | ☐ Да ☐ Не |
| 1.2.8. | Помош во управување со буџет: помош при менаџирање на буџетот, плаќање сметки, одење во банка и слично | ☐ Да ☐ Не |

1.3. Друго (потреба која ја има корисникот):

Водител на случај (Место и дата)

Корисник

Негувател